Влада на Република Северна Македонија

Бр.4401-17/65

# З А П И С Н И К

од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 јуни 2020 година

Скопје, јуни 2020 година

**З А П И С Н И К**
**од Шеесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 12 јуни 2020 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:25 часот.

Со седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Хусни Исмаили, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествуваа и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура и Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, како и Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваше и Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*    *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- ✓ **Усвојување на Записникот од 58-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 мај 2020 година**
- ✓ **Усвојување на Записникот од 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 мај 2020 година**
- ✓ **Усвојување на Записникот од 60-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 и 3 јуни 2020 година**
- ✓ **Усвојување на Записникот од 61-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јуни 2020 година**

1. Записник од Седумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 јуни 2020 година

2. Записник од Седумдесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 јуни 2020 година

3. Предлог – уредба со законска сила за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за мерка за спроведување со COVID-19 кризата, насочени кон младите за време на траење на вонредна состојба

4. Информација за финансиски последици во работењето на Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје предизвикани поради кризата со корона вирусот и потреба

за донесување на одлука за неповратна финансиска помош на ЈСП - Скопје, со Предлог - уредба со законска сила

5. Предлог - одлука за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Ресен

6. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3)

7. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4)

8. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба

9. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од Коронавирусот COVID-19 за време на вонредна состојба

10. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба

11. Предлог - уредба со законска сила за регистрација на возила со странски регистарски таблици затекнати на територијата на Република Северна Македонија

12. Предлог - одлука за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне

13. Предлог - одлука за намалување на увозната давачка – царинската стапка на патенти за автонавлаки

14. Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

15. Информација за спроведување на јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2020 година и тоа: набавка на дигитални сертификати, набавка на услуги од авторска агенција и набавка на канцелариски материјал за потребите на Министерството за транспорт и врски за период од 1 (една) година

16. Предлог - уредба со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба

17. Предлог – одлука за воспоставување и престој на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа-СЕЕБРИГ (South East Europe Brigade – SEEBRIG)
18. Предлог – одлука за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, во врска со извршување на должности во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа-СЕЕБРИГ (South East Europe Brigade – SEEBRIG)

19. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба

20. Предлог - уредба за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба

21. Предлог - уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба

22. Предлог - уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба

23. Предлог - уредба со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба

24. Предлог - уредба со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба

25. Информација за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19

26. Информација за реализација на феријалната практика за учениците во средното стручно образование во учебната 2019/2020 година

27. Информација за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2021-2022 година

28. Информација за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година

29. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги Каннабиноидс ДОО увоз-извоз Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог - одлука

30. Кадровски прашања

31. Прашања и предлози

32. Информација за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд со Предлог-одлука за користење на неискористените средства од подсметката на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (Посебен фонд) за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица

33. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба

34. Предлог - уредба со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба

35. Предлог - одлуки за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово

36. Информација за можноста за барање за упатување на предметот Стрезовски и други против Северна Македонија, А.бр.14460/16 и 7 други, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 27 февруари 2020, до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права

*

*     *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 58-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 29 мај 2020 година, Записникот од 59-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 мај 2020 година, Записникот од 60-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 2 и 3 јуни 2020 година и Записникот од 61-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 5 јуни 2020 година.

*

*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Седумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со

спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 јуни 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата на седницата ги усвои следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Седумдесет и вториот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 11 јуни 2020 година.

2. Го усвои Протоколот за постапување при реализација на испитите од државната матура за учебната 2019/2020 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

3. Го усвои Протоколот за постапување за време на квалификационото тестирање на учениците кои имаат интерес за запишување во средните училишта во паралелките во кои се изучува германски јазик со 6 часа неделен фонд, во паралелките во кои се реализира билингвална настава и во паралелката во која се реализира програмата за Меѓународна матура во Средното училиште на Град Скопје Гимназија „Јосип Броз Тито”, во учебната 2020/2021 година, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Го усвои новиот изменет текст на Протокол за редовна работа на моловите, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

5. Го усвои Протоколот за работа на автокамповите, кој да се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

6. Членот 2 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, се брише, а мерките наведени во членот 1 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 продолжуваат да важат.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

## Точка 2

Владата го разгледа и го усвои Записникот од Седумдесет и третиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 12 јуни 2020 година.

## Точка 3

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата насочени кон младите за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

## Точка 4

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за финансиски последици во работењето на Јавното сообраќајно претпријатие - Скопје предизвикани поради кризата со корона вирусот и потреба за донесување на Одлука за неповратна финансиска помош на ЈСП - Скопје, со Предлог-уредба со законска сила за субвенционирање на јавни претпријатија за вршење на јавен локален превоз во единиците на локална самоуправа поради работење во отежнати услови предизвикани од вонредната состојба за време на епидемија на COVID-19, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 5**

Владата ја донесе Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Ресен, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3) и Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4), за наредната седница на Владата.

**Точка 7**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.3) и Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од Јавниот повик бр.1 за кредити од Кредитната линија од Компензационите фондови со цел намалување на последиците од Коронавирусот COVID-19 (Список бр.4), за наредната седница на Владата.

**Точка 8**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за враќање на дел од данокот на додадена вредност на физичките лица за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19 за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на домашна платежна картичка наменета за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се изврши усогласување и проверка на податоците од институциите за лицата кои исполнуваат услови и соодветно да се прочистат списоците.

**Точка 11**

Владата ја симна од Дневниот ред Предлог-уредбата со законска сила за регистрација на возила со странски регистарски таблици затекнати на територијата на Република Северна Македонија.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за укинување на увозната давачка - царинската стапка за живо јагне и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Министерството за финансии.

Исто така, предлагачот да обезбеди позитивно мислење од Министерството за финансии.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за намалување на увозната давачка - царинската стапка на патенти за автонавлаки и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да изврши усогласување на тарифните броеви во текстот на Одлуката со Министерството за финансии-Царинска управа.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за спроведување на јавни набавки согласно Годишниот план за јавни набавки за 2020 година и тоа: набавка на дигитални сертификати, набавка на услуги од авторска агенција и набавка на канцелариски материјал за потребите на Министерството за транспорт и врски за период од 1 (една) година, со следните заклучоци:

1. Даде согласност за спроведување на јавна набавка на дигитални сертификати.

2. Даде согласност за спроведување на јавна набавка на услуги од авторска агенција.

3. Даде согласност за спроведување на јавна набавка на канцелариски материјал за потребите на Министерството за транспорт и врски за период од 1 (една) година.

**Точка 16**

Владата условно ја донесе Уредбата со законска сила за изменување на Уредбата со законска сила за примена  на Законот за облигационите односи за време на вонредна состојба, доколку Министерството за финансии позитивно се произнесе по Уредбата.

**Точка 17**

Владата ја донесе Одлуката за воспоставување и престој на Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ (South East Europe Brigade – SEEBRIG), во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата ја донесе Одлуката за влегување и престој на вооружени сили на странски држави на територијата на Република Северна Македонија, во врска со извршување на должности во Командата на Бригадата на Југоисточна Европа - СЕЕБРИГ (South East Europe Brigade – SEEBRIG), со заклучок текстот на Одлуката да биде номотехнички усогласен со Секретаријатот за законодавство .

**Точка 19**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на населението од заразни болести за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата, со заклучок член 2 од Уредбата да се дополни во насока дека одредбите од оваа уредба со законска сила ќе се применуваат до 31 декември 2020 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравствената заштита за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата, со заклучок, предлагачот да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Предлог-уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за здравственото осигурување за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата со

заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 22**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – уредбата со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба, Предлог - уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба, Предлог – уредбата со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба и Информацијата за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 13 јуни 2020 година (сабота), поради потребата Министерството за образование и наука да ги усогласи материјалите со Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 23**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – уредбата со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба, Предлог - уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба, Предлог – уредбата со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба и Информацијата за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 13 јуни 2020 година (сабота), поради потребата Министерството за образование и наука да ги усогласи материјалите со Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 24**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – уредбата со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба, Предлог - уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба, Предлог – уредбата со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба и Информацијата за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 13 јуни 2020 година (сабота), поради потребата Министерството за образование и наука да ги усогласи материјалите со Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 25**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог – уредбата со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба, Предлог - уредбата со законска сила за издавање на ваучери на млади лица за стекнување со информатичко-технолошки и дигитални вештини заради подобрување на нивната конкурентност на пазарот на труд за време на вонредна состојба, Предлог – уредбата со законска сила за доделување на средства на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејства со ниски приходи за време на вонредна состојба и Информацијата за реализација на мерката 1.3 од Третиот сет економски мерки за ревитализирање и рестарт на економијата во услови на COVID-19, за наредната седница на Владата, што ќе се одржи на 13 јуни 2020 година (сабота), поради потребата Министерството за образование и наука да ги усогласи материјалите со Министерството за финансии, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за информатичко општество и администрација и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

**Точка 26**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за реализација на феријалната практика за учениците во средното стручно образование во учебната 2019/2020 година, со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да ја пролонгира реализацијата на феријалната практика за учениците во средното стручно

образование од учебната 2019/2020 година и истата да се реализира до крајот на првото полугодие во учебната 2020/2021 година, со цел избегнување на опасностите од пренесување на Коронавирусот - Ковид-19 и обезбедување на соодветни работни места за реализација на феријалната практика во текот на наредната учебна година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Центарот за стручно образование и обука да подготват насоки со кои ќе ги известат средните стручни училишта за пролонгирањето на реализацијата на феријалната практика и реализација на истата во текот на наредната наставната година до крајот на првото полугодие.

## Точка 27

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за одложена имплементација на наставните планови и програми за I (прва) година на гимназиското образование, средното стручно четиригодишно образование и за средното стручно тригодишно образование од учебната 2021/2022 година.

## Точка 28

Владата ја разгледа Информацијата за ревидиран Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година, ја усвои и го прифати ревидираниот Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година.

## Точка 29

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштвото за производство, трговија и услуги КАННАБИНОИДС ДОО увоз-извоз Кочани од Кочани за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштвото за производство, трговија и услуги КАННАБИНОИДС ДОО увоз-извоз Кочани, во предложениот текст.

## Точка 30

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 31

1. Владата по барањето на Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија заклучи:

1) Се одобрува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија склучување на договори за 13 привремени

вработувања, преку агенција за привремени вработувања со која Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија има претходен договор за соработка.

2) Се задолжува Министерството за финансии да одобри пренамена на средства од постоечкиот буџет на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Северна Македонија и да издаде согласност за реализација на заклучокот од Точка 1.

**2.** Владата по барањето на м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи заклучи:

1) Се одобрува на Министерството за надворешни работи склучување на договори за привремени вработувања за период од шест месеци сметано од 1 јули 2020 година, заклучно со 31 декември 2020 година, преку агенција за привремени вработувања со која Министерството за надворешни работи има претходен договор за соработка.

2) Се задолжува Министерството за финансии да одобри пренамена на средства од постоечкиот буџет на Министерството за надворешни работи и да издаде согласност за реализација на заклучокот од Точка 1.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Барањето согласност за ангажирање на посебни советници и кабинетски службеници во Кабинетот на дополнителниот заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, доставено под бр.04-5002/1 од 26.5.2020 година и заклучи Министерството за финансии да даде согласност за ангажирање на посебни советници и кабинетски службеници во Кабинетот на дополнителниот заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**4.** Владата на предлог на д-р Рената Дескоска, министер за правда го задолжи Министерството за финансии да даде согласност за продолжување на согласностите за вработување во казнено-поправните установи, доставени од Министерството за правда.

**5.** Владата ја разгледа Одлуката донесена од Државната изборна комисија, под број 08-1398/2 од 12.6.2020 година, во врска со потпишувањето на Договорот за заем со Светска банка и заклучи истата да ја достави до Министерството за финансии за натамошно постапување.

**6.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за јавни набавки под број 02-61/1 од 10 јуни 2020 година (ЈОУ за деца Детска градинка „Гоце Делчев“ – Општина Илинден).

**7.** Владата го разгледа и го одобри Барањето за одобрување на набавка на возила за посебни потреби на АД за производство на електрична енергија „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје.

**<u>Точка 32</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за неискористени финансиски средства во Посебниот фонд со Предлог-одлука за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Предлог - уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за инспекциски надзор за време на вонредна состојба и ја донесе Уредбата, со заклучок, предлагачот да го усогласи текстот на Уредбата со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 34**

Владата ја донесе Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примената на Законот за извршување за време на вонредната состојба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за престанок и давање на трајно користење движна ствар на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (Дизел автоматски агрегат за резервно напојување на пречистителната станица за отпадни води) и

2. Одлуката за престанок и давање на трајно користење движни ствари на Казнено-поправната установа Казнено-поправен дом Идризово (орман, отоман, вага и др.)

со заклучок во основот на одлуките да се додаде и последната измена на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19 .

**Точка 36**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за можноста за барање за упатување на предметот Стрезовски и други против Северна Македонија, А.бр.14460/16 и 7 други, пресуда на Европскиот суд за човекови права од 27 февруари 2020, до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права и притоа заклучи да не поднесе барање за упатување на пресудата на Европскиот суд за човекови

права од 27 февруари 2020 во случајот Стрезовски против Северна Македонија и 7 други, А.бр. 14460/16 до Големиот судски совет на Европскиот суд за човекови права.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 20:10 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски

Подготвил: Никола Пасков
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска